# НАСТАВА

Ѓерѓ ГАЛ

## ТИТОВОТО ДЕЛО ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

### Титовото дело — непресушен идеен извор за младите

Поминува третата година од денот кога дојде до неумоливата и неизбежна разделба со големиот неимар на нашата и на светската историја на XX век. Од состојба кога, речиси, секојдневно нè предупредуваше на нашите задачи со говорите, статиите, писмата и со директивите, дојдовме во сотсојба кога е потребно да се размислува како големото умно, идејно-политичко и историско благо на неговиот интелектуален опус да се направи трајно присутно и мобилизаторско во свеста на генерациите кои растат без неговото лично присуство во секојдневната политичка и меѓународната акција. Зад себе оставил дела кои ќе се опфатат во 60 томови, а од тоа колосално мисловно наследство за младите се подготвени 20 томови со сиот потребен придружен материјал. Тука се и неговите говори во десетина книги, и бројни тематски томови посветени на низа прашања кои во својот богат и долгогодишен од ги третирал, ги разгледувал и со успех ги разрешувал, зацртувајќи ги и пробивајќи ги патиштата кои од дадената актуелност го отвораат просторот за идните движења. Како да се приближи тој голем опус на младите, е прашање со кое, меѓу останатите, се соочени и наставниците по историја, но и сите работници кои се занимаваат со воспитувањето и со идејно-политичката работа на младите, па да речеме, и не само со младите.

Адмиралот Бранко Мамула на еден собир посветен на деведесет-годишнината од раѓањето на другарот Тито, меѓу останатото, рече: „Титовиот придонес во сите наши револуционерни достигања е од историско значење. Неговите остварувања на сите подрачја од општествената теорија и практика се многубројни и многу значајни како по својата научна вредност така и по општествено-историските последици што тие остварувања ги произвела во блиското минато и што ги произведу-

ва во сегашниот историски момент, и по нивното трајно влијание на понатамошните текови на нашата револуција и на содржината на современите светски политички процеси.

Едно такво грандиозно дело не може да се научи еднаш засекогаш, не може да се разбере од едно или повеќекратно читање. Тоа треба темелно да се студира за да се проникне во суштината на Титовите идеи, за да се сфати Титовиот начин на мислење и методот кој го применувал во набљудувањето на општествената стварност и по повод донесувањето на своите големи, судбоносни одлуки.

Секоја нова средба со Титовите теоретски работи, секое повторно читање на неговите книги, статии и документи, секој нов научен собир посветен на изучувањето на тоа комплексно дело ни открива некоја негова нова димензија. Поради тоа понатамошното интензивно изучување на делото на другарот Тито е не само наша обврска туку и нужна потреба."[1])

Кога го отвараме прашањето за користењето на Титовото дело во наставата по историја и во воспитно-образовната работа воопшто, мораме секогаш да ја имаме предвид обврската да не го изневериме Титовиот творечки метод и дух кој целиот беше зафатен со борбата против култот на личноста и со антидогматскиот метод на работа. Се бореше против канонизирањето на марксизмот, бараше со самостојна примена на марксистичкиот метод нови патишта во изградбата на социјализмот и во односите меѓу државите, па е логично кон неговиот голем опус да не пријдеме канонизирајќи го. Тито на сите нас, а пред сè на младите, остави исклучителни идејно-политички арсенали, а наше е со неговите идеи добро да ги запознаеме младите и кај нив да создаваме секогаш и одново подготвеност Титовото дело доследно да го следат, да го продолжат и да го развиваат во новите услови на внатрешно-политичките и надворешно-политичките прилики, вградувајќи го во Титовиот мисловен и политички фундамент својот креативен печат.

## Титовата историска фигура

Првата задача која се наметнува пред наставникот по историја во разрешувањето на задачите во приближувањето и запознавањето на младите со делата на другарот Тито е обврската токму на нив верно да им го отслика историскиот лик на другарот Тито. Колку и да е во тој поглед наставникот елоквентен и слаткоречив, ако се обиде таа задача да ја направи без поткрепа на она богатство на карактеристики што го дале за другарот Тито бројните југословенски и светски великани,

[1]) Admnral Branko Mamula, Titovo delo nepresušno izvorište. NARODNA ARMIJA 27. maj 1982.

ќе ја намали ефикасноста на својата работа, а младите ќе ги осиромаши навистина од големото доживување да ги чујат за другарот Тито оценките од признатите умови на XX век.

Во портретирањето на историскиот лик на другарот Тито мозаикот на тие мисли, венецот на Титовите карактеристики исплетен од извадоци од судовите на големите луѓе може да дојде, навистина, исклучително добро како во обидот во еден момент, во краткотраен напор, барем, приближно да се отслика историската величина на другарот Тито, а истовремено да се покаже и големиот авторитет кој го уживаше другарот Тито и кај нас и во светот. Ни се чини дека подобар пат за постојано мотивирање на младите за изучувањето на делото на другарот Тито нема. На кој начин, кога и како на тоа мотивирање да се пријде, ќе кажеме подоцна.

Еве еден избор на мисли и оценки за другарот Тито во најкраток и содржаен телеграфски стил:

Ја олицетворуваше нашата смелост, стремежот, мирот и слободата (Стеван Дороњски), Твојот лик на револуционер, стратег, борец, човек, народен водач и војсководач во големото историско значење гранитно е вклесан како вековит споменик, патоказ и поука на секоја врвица на нашата борба и револуција (Лазар Колишевски), Уште за животот легенда, Тито сега преминува во легендата на историјата (Владимир Бакариќ), Творец на социјализмот во кој власта припаѓа на работничката класа (Александар Грличков), Не е можно да се спомене Тито, а да не се помисли на самоуправувањето (Мика Шпиљак), Нè напушти идеалниот знаменосец на светскиот мир (Мирослав Крлежа), На сите полиња на кои делуваше, Тито беше оригинален креатор. Се служеше со искуствата на историјата и ги осмислуваше тие искуства спрема современите општествени движења (академикот Алојз Бенац), Грандиозна личност, неповторлива во историјата на своите народи и на светот, поради она што досега го направил и поради она што ќе значи за иднината и на своите народи и на човештвото (Милка Планинц), Великан чијашто активност е вткаена во сите текови на современата епоха (Никола Љубичиќ), Секогаш бил пример на достоинството, на храброста, на хуманото срце и на племенитоста (Видоје Жарковиќ), Титовото име стана симбол на новата етапа во развојот на социјализмот (Фадиљ Хоџа), Тито ќе остане да живее додека е оваа земја и светот (Вељко Ковачевиќ), Под неговото раководство Југославија стана значаен и високо ценет член на светската заедница (Курт Валдхајм), Отидна творецот на историјата (Индира Ганди), Тој е последен меѓу великаните на Втората светска војна кој заминува откако беше прв во борбата за остварување и одбрана на независноста на својот народ (Сандро Пертини), Другарот Тито беше голем марксист и истакнат пролетерски револуционер

(Хуа Куа Фенг), Движењето на независноста е трогнато со загубата на Тито кој беше еден од неговите славни основачи (Фидел Кастро), Творец на модерната Југославија (Маргарет Тачер), Тито нè мобилизира да ги остваруваме нашите благородни цели (Секу Туре), Пионер на новите односи меѓу државите (Рамаљо Јанеш), Со името на Јосип Броз Тито нераскинато се поврзани херојската Народноослободителна борба против фашизмот и социјалистичката револуција во Југославија, обединувањето на југословенските народи во единствена цврста заедница, активната улога на Југославија на меѓународен план (Леонид Брежњев), Животот на претседателот Јосип Броз Тито зарасна со борбата за социјализам, општествениот напредок и мирот, со борбата против фашизмот, со победоносната ослободителна војна на народите на Југославија. Незаборавни се неговите заслуги во остварувањето на братството и единството на народите на Југославија, во изградбата и процутот на социјалистичка Југославија (Партиското и државно раководство на НР Унгарија), Последниот великан на Втората светска војна, големиот политичар на дваесеттиот век (Константин Цацос, претседател на грчката република), Го расчисти патот по кој денес одат многу држави и партии (Енрико Берлингуер), Со смртта на Јосип Броз Тито го изгубивме последниот голем лидер на Втората светска војна и еден од најхрабрите државници на повоениот период кој му донесе на светот многу ново (Џими Картер), Тито непрекинато се бореше за нов тип односи меѓу комунистичките и работничките партии, за националното ослободување, рамноправноста, за почитување на независноста и за националниот суверенитет на народот (Николае Чаушеску).

Должен сум уште да забележам дека овој венец на идеи за ликот и делото на другарот Тито е само плетенка на истргнати реченици од поширок контекст на зборови и мисли на државници и великани на Југославија и на светот, кои во својата целина добиената слика уште повеќе ја збогатуваат и шират. Желбата ми беше да им го олеснам на младите наставници приодот кон задачите за презентирањето на делото на другарот Тито низ наставата по историја уште на првиот чекор, давајќи им минимум од она што тие, во контактот со младите историчари за другарот Тито би морале да го знаат и да го кажат. Инаку, треба да се знае дека за прашањето на односите на великаните на светот спрема Тито е печатена посебна книга, дека тоа е таков изобилен материјал кој дава можности и за групна работа со учениците за изучување на тоа прашање и дека наставниците никако не би требало да се задоволат само со овој избор кој по овој повод го наменив за нив.

Тито добро ја познаваше нашата и светската историја и историјата на работничкото движење. Беше не само творец на историјата, туку и нејзин страстен, упорен, ангажиран толкувач, чиишто работи од историјата на работничкото движење, од историјата на КПЈ и од историјата на Народноослободителната војна се незаобиколени извори на сознанието за нашата и општата историја на работничкото движење, а пред сè за историјата на НОВ. На наставата по историја кај нас ќе ѝ биде од голема помош кога еден ден во нашите наставнички библиотеки ќе се најдат и такви тематски изданија кои Титовите работи од историја и Титовите мисли за историјата и негуваната традиција за НОВ ќе се соберат и ќе се презентираат на едно место и со достапни цени. А дотогаш е нужно да се укаже макар на некои од маркантните Титови мисли од таа област.

Во предговорот на првиот том од своите „Собрани дела“ (мај 1977 година) другарот Тито, меѓу другото, ги напишал и овие редови кои најсликовито зборуваат за неговиот однос спрема историјата како наука:

„Не е мое да ја оценувам вредноста на овие работи. Историјата и науката ќе ја изречат својата оценка за тоа... Овие работи се и историско сведоштво за нашите сознанија и можности за дејствувањето во секоја фаза на нашата револуционерна борба. Тие се слика на нашиот сопствен растеж и на она што сме го направиле и како сме го направиле, понекогаш и со едностраности во нашите сознанија и оценки, па и во заблудите. Меѓутоа, јас сметав дека немам право во тие работи, како сведочанства, нешто да менувам за да изгледаат можеби поинаку некои нешта денес. Не сметам дека нè ни треба никакво подобрување од тој вид. Историјата и идните генерации нека судат за нас онакви какви сме биле и како сме се развивале и во каков смер сме се развивале.“

Во понатамошното излагање другарот Тито укажува дека на неговите ставови и на ставовите на КПЈ битно влијаеле некои објективни околности, меѓу другото, и ставовите на Коминтерна кои требало да се спроведуваат. Некои од тие ставови како што се карактеристиките за луѓето кои загинале во советските чистки или, пак, етикетирањето на некои појави или луѓе како троцкизам биле резултат на ставовите и мислењата кои ги сугерирала Коминтерна. Тито по тој повод пишува:

„Во интересот на историската вистина ни во врска со тоа не можат да се прават никакви преправки во документите. Јас единствено, на сугестија на Редакцијата, некои такви места во моите текстови ги проследив со свои белешки, разјаснувајќи

ги околностите во коишто настанувале некои наши оценки, со што тие биле мотивирани и каква беше нивната смисла."

„Имаше, природно и обратни случаи. Извесни луѓе своевремено дејствува како вистински револуционери, а подоцна отпаѓаа од движењето. Јас ни во таквите случаи не сметав дека документите за тоа можат да се изостават или дека треба во нив нешто да се менува". Во тој поглед другарот Тито посебно се осврнува на случајот на Андреја Хебранг и на Милован Ѓилас. Ако ја имаме предвид практиката на сталинистичката историографија која сите луѓе, па и таквите истакнати учесници на Октомвриската револуција како што се Троцки, Бухарин, Зиновјев и Камењев, ако дошле подоцна во судир со Сталин, која радикално ги бришела од официјалната историја, тогаш и цитираните редови на другарот Тито укажуваат на неговата доследност и на планот на историографијата со раскинување на сè што е догматско, сталинистичко застранување. За сите нас, овој Титов метод би требало да е раководство за акција, бидејќи во сличен дух и на сличен начин би требало да се креира нашата наставна практика и нашата учебничка литература.

Од исклучително богатиот фонд на Титовите мисли, зборови и упатства од оваа област, а со оглед на ограниченоста на времето и просторот, јас би укажал само на еден потесен избор од Титовите ставови. на V конгрес на СЗБНОВ на Југославија Тито за историјата го рече следното:

„Неопходно е научното изучување на нашето револуционерно наследство, бидејќи и на тој начин се зацврстува братството и единството на југословенските народи кое по својата етичка и хуманистичка содржина е најголема придобивка на нашата револуција. Наспроти тоа, секое романтичарско или тесноградо истакнување на посебни заслуги на оваа или онаа нација би ја намалувало големината на нашата револуција, на револуцијата на народите на Југославија, би ја ослабнало една од нејзините најплеменети придобивки. Ние од нашето револуционерно минато не сакаме да создадеме музеј на револуцијата, туку во неа да гледаме она што таа е — движечка сила на творечкиот дух, човечка убавина и големина." Предупредувањето дојде во вистинско време и разните пребројувања и превреднувања престанаа и треба да престанат за сите времиња.

На 13 септември 1953 година по повод посетата на Сплит Тито ги изрече и овие прекрасни мисли за минатото:

„Нашата должност е нашите поколенија да ги учиме, да им всадиме во срцата разбирање за болката која ја чувствуваа нашите татковци и мајки кога ги загубуваа своите најмили. Кога тие тоа не би го знаеле да го ценат, би се изменил карактерот на нашите луѓе, а нивниот карактер не смее да се измени. Нашите народи мораат да бидат горди на своето минато.

Тоа беше тешко, но славно и нашите народи имаат право да се гордеат со своето минато, бидејќи да не знаеја секогаш да го најдат вистинскиот пат, денеска тие не би биле овде. Затоа што знаеја и во најтешките историски часови да го изберат вистинскиот пат, затоа тие денес се овде, затоа имаат право да се веселат, да бараат да се почитува минатото и затоа имаат должност да ги бранат придобивките на нашата голема револуција."

Пред две децении, поточно на 6 февруари 1963 година, во разговорот со новинарите другарот Тито, допирајќи ја темата за образованието на југословенската младина, укажуваше на опасноста од сепаратизмот, на опасноста од тесноградото затворање во рамките на сопственото културно-историско национално наследство. Еве ги тие исклучително актуелни и инспиративни зборови:

„... кога се работи за културата и особено за школството, според моето мислење, мора да се чува онаа основна нитка на општојугословенското образование која во секоја република мора да биде иста, т.е. југословенска, иако можат да задржат и извесни национални особености. Не мислам на јазикот и обичаите, туку на програмите кои треба да бидат на линијата на општата југословенска заедница. Заедничко и единствено треба да биде воспитувањето во духот на марксизмот и ленинизмот. Децата во училиштата треба да бидат воспитувани во тој дух за да можат подоцна во животот на работниот човек да ја применат таа идеологија со помалку тешкотии отколку што беше сега случај. Образованието, значи, треба да биде такво што децата на Словенците, Хрватите, Македонците, Србите и другите да добијат во училиштата воспитување кое ќе ги ориентира на потребата за единствена социјалистичка заедница.Програмата мора да се измени во таа смисла што на децата, на пример, не треба да им се зборува премногу за минатото само на нивниот народ и за разни величини од тоа минато, бидејќи тоа така се предимензионира и децата добиваат сосем погрешни сфаќања во однос на другите националности во Југославија".

Овој аманет на другарот Тито *за заедничкото езгро на наставата по историја* и за заедничките основи на наставата по марксизам ни до денес докрај не сме го исполниле. Неговите зборови сè уште имаат сугестивен и директивен карактер кон чие потполно исполнување уште мораме да продолжиме и да го забрзаме чекорот. А другарот Тито рамно пред две децении, во 1962, не подучуваше дека „Ниедна наша република не би била ништо, ако не сме сите заедно. Ние мораме да ја создаваме својата историја, единствена југословенска историја, не засегнувајќи во националното право на одделни републики, да ја негуваат својата традиција не на штета туку во интерес на

целата заедница“. Тито на тој начин даде потврден одговор на прашањето дали може историјата на Југославија да биде единствена и заедничка токму поради тоа што живееме во време кога човекот е во состојба за неколку часови да ја прелета целата наша планета, кога со помошта на средствата за масовни комуникации за неколку часови секоја поважна вест стигнува речиси и до најзафрлените краеви на нашата планета, па оттука живееме во времето кога историјата станува општосветска, заедничка.

## Народностите и нивните права во однос на националното културно-историско минато

Другарот Тито будно го следеше и активно учествуваше во креирањето на целокупната културно-просветна политика на нашата земја, па е разбирливо што од неговото внимание не му избегнал ни фактот дека во нашата земја покрај југословенските народи живеат и бројни народности. Негова е заслугата што во нашата земја е напуштена практиката народностите да се именуваат како малцинства, бидејќи другарот Тито оценил, а потоа и сугерираше дека на нашите меѓунационални односи со полна рамноправност на сите кои живеат во Југославија не им одговара изразот малцинство, бидејќи тој поим со својата содржина сугерира нешто што ние, развивајќи ја доследно идејата на братството и единството и самоуправното социјалистичко заедништво, со својата практика сме го надминале.

Во јануари 1946 година другарот Тито го посетила младинската делегација на пленумот на централниот одбор на ЗСАМЈ и по тој повод му реферирала и за некои свои определувања во однос на работата со тогаш сè уште таканаречената младина од редовите на малцинствата. За жал, во говорите и во статиите коишто ги публикуваше во 1959 година загребската издавачка куќа „Naprijed“, нема забелешки ниту податоци за што станувало тука збор, но е очигледно дека другарот Тито извесни предлози од младината ги оценил како нереални, па ги корегирал. Исклучително и денес тие зборови се инструктивни, па ги наведуваме во целост:

„Мене ми се чини дека тоа прашање за националните малцинства погрешно сте го сфатиле. Јасно е дека ние треба да дадеме извесен карактер на младинските организации на националните малцинства. Принципот е националните малцинства да имаат своја културно-просветна самостојност, но не може просветата на националните малцинства да се развива надвор од рамките на просветата на Југославија. На пример, прашањето на унгарското и романското национално малцинство итн. Тие треба да се служат со својот национален јазик

како средство за подигнување на културното ниво, но треба да се воспитуваат во духот на демократските принципи на нова Југославија. Тие не можат да бидат како некое туѓо тело, туку како малцинство во составот на Југославија. На тоа треба да се внимава. Тие треба да ја учат на својот јазик нашата денешна реалност а од својата историја она што е позитивно, напредно, а не историја која го разгорува шовинизмот. Ние не можеме кај нас да дозволиме развивање на националниот шовинизам на една друга националност".

До што доведува кога овие сугестии на другарот Тито не се имаат постојано на ум, сведочат настаните на Косово каде историјата е впрегната во служба на сепаратизмот од страна на оние кои југословенското социјалистичко самоуправно заедништво не го прифаќаат.

## Тито за негувањето и развивањето на традициите на НОВ

Покрај големото уважување на историјата како наука и на историјата како наставен предмет во целина, другарот Тито во бројни говори, интервјуа и написи со особено ангажирање зборуваше за потребата вистинита за НОВ и работничкото движење да се сочуваат и систематски да се пренесуваат на младите генерации кои имаа среќа да ја избегнат средбата со страотиите на Втората светска војна.

На бледскиот научен собир „СКЈ и социјалистичката револуција" другарот Стеван Дороњски рече: „Потреба е на секоја револуција, вели другарот Тито, да се враќа на своите извори и искуства. Меѓутоа, тоа враќање суштествено е различно за револуцијата која трае како што е нашата, таа секогаш е предизвик за барање на нови и подобри решенија на проблемите во сегашноста".

Сите Титови повикувања за изучувањето и негувањето на револуционерните традиции имаат токму таква цел: да се запознае историјата на НОВ за да се запознаат корените и движечките идеи на нашата револуција како би можеле младите таа револуција да ја прифатат и понатаму да ја развиваат. Навистина, полна е со симболичност случајноста дека последното интервју што го даде другарот Тито (24 ноември 1979) беше посветено на младата генерација. Се работи за четвртото по ред интервју кое го даде нашиот Претседател за весникот „Младост". Во тоа интервју одново покажа дека бил непрекинато ангажиран на решавањето на проблемите на младата генерација, дека исклучително добро ги познавал проблемите на младите, и дека спрема нив имал безгранична доверба. Повторно го истакна големиот придонес на младите во победата над фашизмот и потребата младите да ја изучуваат историјата на работ-

ничкото движење и НОВ. Еве извадок од интервјуто што се однесува на тоа:

„. . . добро е да се познава минатото. Бидејќи, денес, кога нашиот народ ги почувствува благодатите на социјализмот, младите не знаат како беше тоа некогаш, како изгледаше да работи за бедна плата и тоа во услови на борба за деветчасовно работно време. Традициите на СКОЈ и на нашето младинско движење во целина, навистина, се светли. И треба да се потсетува на сите оние добрини кои ги красеа нашите младинци, особено во војната, на сите оние етички вредности кои се развивани. Се разбира, тоа треба да се поврзува со денешното време и да се збогатува со нови содржини на нашето социјалистичко самоуправно општество. Тие активности мора да ги има повеќе“.[3])

Во јануари 1979 година по повод меѓународната година на детето другарот Тито упати порака на малите Југословени по повод оваа значајна меѓународна манифестација. Во таа порака третирањето на минатото и традициите на НОВ исто така најдоа видно место.

‚Вие знаете дека постарата генерација во Народноослободителната војна ја извојува слободата и продолжи да се бори во повоената изградба за сè подобри услови на животот на нашите луѓе. При тоа секогаш ја имала и денес ја има на ум, пред сè, вашата сегашност и иднина, раководејќи се од стремежот да растете во слобода и мир, да имате радосно детство и сè што ви е потребно за развојот и сестраниот напредок.“ ( . . . . ) „Вие, младите, не сте оптеретени со она негативното од минатото во кое немало рамноправност и слога и во кое нашите луѓе беа изложени на немаштија и на секакви неправди и неволји. *Но потсетувањето на тоа помага попотполно да се сфати големината на придобивките од револуцијата и понатамошните преобразби кои се во тек, а во кои и вие треба сè повеќе да учествувате.*

Јас посебно ви ставам на срце да го негувате братството и единството на нашите народи и народности, да придонесувате со разни активности и натпревари на нивното понатамошно зближување, со учење и со работа да ги збогатувате сите вредности на нашето социјалистичко самоуправно општество.“[4])

Поракатa на претседателот Тито на учесниците на прославата на Грмеч во јули 1979 година содржи исто така бесценети упатства за потребата на чувањето и негувањето на придобивките од НОР.

„И по овој повод јас на сите им ставам на срце да се чуваат и понатаму да се развиваат придобивките на нашата револуција. Бидејќи тие придобивки се карактеристики на на-

---

[3]) Политика, 28, 29 и 30 новембар 1979

[4]) Политика, 25 јануар 1979

шата денешна стварност, карактеристики на животот во слободата и независноста и на творечката работа во самоуправната заедница на рамноправни и збратимени народи и народности. Во исто време, тие се постојан темел и инспирација во понатамошната борба за развивањето на социјалистичкото самоуправување, врз основа на полна рамноправност за зацврстување на братството и единството, за јакнење на општонародната одбрана и општествената самозаштита и за понатамошно продолжување на нашата политика на неврзаноста, на доследната политика за мирот и прогресот во светот.

Мене ме радуваат активностите коишто ги презедовте во одбележувањето на историските места и настани. Бидејќи тоа придонесува за потполно осветлување на нашата борба и автентичните вредности на нашата револуција со кои треба да се напојуваат и сегашните и идните генерации."[5])

Во предговорот на книгата „Сутјеска — долина на хероите", која е подготвена по повод 35 годишнината од големата епопеја на Сутјеска, другарот Тито напишал: „Основната порака на Сутјеска се состои во тоа што нема безизлезни ситуации за луѓето коишто знаат зошто се борат, кои со својата свест и со високиот морал се способни да отстојат на сите искушенија. Поуките на Сутјеска, како и на другите битки на ослободителната војна, претставуваат непресушен извор на вдахновенија на нашата млада генерација, постојана инспирација за понатамошната разработка на нашата современа концепција за општонародната одбрана. Постојаното негување на спомените на хероите од Сутјеска е не само наш долг туку и наш вечен завет на револуцијата."

Во предговорот на едицијата 1941-1942 во сведочењата на учесниците на Народноослободителната војна Тито, покрај укажувањата на големината на судбоносната 1941 година, за која вели „дека за нас не е само година на војната или една од многуте години на ова бурно столетие, таа е пресвртница во историјата на нашите народи„ . . . „И денес и секогаш зборовите четириесет и прва треба да будат спомени на сите денови на големата борба и револуцијата, треба да бидат гордост и да бодрат на нови големи дела, на јунаштво на работата во мирот, на одлучност во одбраната на единството и независноста, на чувањето на мирот во светот . . ."

Јубилеите на нашите големи битки во НОВ беа секогаш згоден повод на тие прослави другарот Тито да даде исклучително значајна историска анализа на односниот историски датум, но секогаш и одново да повика историјата на НОР да се изучува и систематски да се пренесува на младите, а другарот Тито во тие големи историски датуми настојуваше да пронај-

---

[5]) Политика, 28 јули 1979.

де и значајни пораки за нас. Така и на 12 ноември 1978 година во големиот говор во Јабланица, по повод одбележувањето на 35-годишнината од битката на Неретва, меѓу другото, рече:

„Нашите борци —збиени околу нашата Партија и Врховниот штаб — знаеја дека сите тешкотии ќе бидат совладани: имаа јасна перспектива. Свесни за целите на вооружената борба секогаш беа подготвени и за најголемите подвизи и способни да победат и во ситуација којашто на изглед беше безизлезна. Особено членовите на Партијата и скоевците даваа светли примери на херојството. Во тоа се големината и значењето на тие незаборавни настани, во тоа е непресушниот извор на искуствата за нашата концепција за општонародната одбрана, вдахновение во воспитувањето на младите генерации и во мобилизацијата на новите сили и средства во понатамошната изградба на нашата социјалистичка самоуправна заедница на рамноправните и збратимените народи и народности на Југославија."[6])

Во септември 1979 година во својот последен рапорт на големите јубилеи на НОВ на големата народна свеченост на легендарната Кадињача другарот Тито одржа говор кој е бесценет извор за изучувањето на историјата на Ужичката република. Тогаш другарот Тито пак укажа на значењето и потребата на негувањето на традицијата на НОВ, велејќи:

„Поминаа четири децении од битката на Кадињача. Но таа, како и останатите епопеи на нашата борба, живее и денес во сеќавањата и свеста на милиони наши работни луѓе. Живее и како завет дека големите придобивки на нашата револуција мораме да ги чуваме од сите обиди тие да се загрозат. Таа е пример и инспирација за младите генерации како се стекнува и брани слободата и независноста на земјата."[7])

На нас историчарите пораките на другарот Тито за местото, улогата и значењето на негувањето и развивањето на традициите на НОР мораат да ни бидат постојано на ум, бидејќи тие пораки нас нè инспирираат во работата и нашите воспитни цели ги исполнуваат со многу конкретни содржини. Но тие пораки имаат и пошироко значење, не се однесуваат само на нас историчарите, туку и на оние кои на поширок план ја одредуваат политиката на воспитно-образовната работа на младите. Во Војводина уште ни е во живо сеќавање обидот со реформата на нашата реформа на образованието — во 1980 година да не се предава повеќе историјата на НОВ во VIII одделенија на основното училиште, ами да се префрли во I клас на општото средно воспитување и генерацијата на петнаесетгодишниците во своето редовно школување да биде прв и последен пат во контактот со систематското запознавање на историјата на НОВ. Идејата систематското запознавање на нашата

---

[6]) Политика, 13 новембар 1978.
[7]) Политика, 24 септембар 1979.

младина со придобивките и историјата на НОВ да се сведе на контактот на 15-годишниците, со пораките и вистините кои во потполност ниту можат да ги сфатат и да ги разберат ниту со тие пораки за постојано време да се инспирираат, беше обид кој не настана, барем како идеа, само во Војводина.

Во почетокот на јули 1980 година најпрвин Покраинскиот одбор на СЗБНОВ на Војводина, а потоа и Претседателството на ПК на ССРН на Војводина, оцени дека „нацртот на новиот план и програма на наставата по историја во училиштата во САП Војводина е погрешен, бидејќи е недопустливо и несфатливо историјата во училиштата да се запоставува, а особено да не се предава воопшто историјата на НОБ и на нашата револуција во основните училишта.“[8])

Во воспитно-образовната работа со нашата младина голем пропуст е и тоа дека историјата на НОВ е речиси радикално отстранета од насоченото образование. Денес во Војводина, освен во Педагошките академии, генерацијата на младите 17-18 -годишници, т.е. тогаш кога таа интелектуално е најприемлива, никаде повеќе нема прилика да ја изучува историјата на НОВ, ниту да биде во творечки мисловен контакт со она огромно историско наследство што впрочем, другарот Тито и на нив им го завешта во 60-те томови на своите собрани дела. Во понатамошното креирање на нашата образовна политика ќе мора со поголемо внимание да се пријде кон трасирањето на местото и улогата на историјата на НОВ, а зборовите на другарот Тито за значењето на негувањето на традициите на НОВ би требало во тој поглед да послужат како патоказ.

## Титовото присуство во современата настава по историја

Во наставата по историја, којашто се јавува во два циклуса во нашиот воспитно-образовен систем, Тито е незаобиколена личност во материјалот по историја за VIII одделение на основното училиште и во втори клас на заедничките основи на средното воспитување. Во два наврати, значи, нашите ученици имаат можност, на помалку или повеќе организиран, на помалку или повеќе успешен начин да се запознаат со животниот пат, со творечките постигања и со историските резултати несомнено на најголемата и најмаркантната личност на нашата историја и со исклучително забележената и оценетата историска фигура во светската историја на XX век.

Како е одредено и програмирано местото на другарот Тито во наставните програми по историја во САП Војводина, па и во другите програми надвор од територијата на САП Војводина, е прашање коешто заслужува посебна анализа и внима-

[8]) Večernje novosti, 8 jul 1980; Dnevnik, 10 jul 1980; Политика, 16 јул 1980.

ние и соодветна расправа. Постојните формули, веројатно, можат и треба да бидат преиспитани и доизградени. Но во оваа работа за тоа нема да стане збор. Намерата ни е да укажеме на постојните можности за вистинското осветлување на големата историска улога на другарот Тито во наставата по историја и да дадеме конкретна помош постојните можности подобро да се искористат, а учениците да се збогатат со поголемо знаење и посилно етички да се мотивираат од големите творечки примери и историските постигања на другарот Тито. Токму поради тоа ќе се задржиме само на два елементи од наставата по историја; на некои можности на постојните учебници и работни тетратки од историја и на наставната практика која се заснова врз користењето на тие извори од сознанието на учениците.

## Историското дело и ликот на другарот Тито како траен мотив во изградбата на социјалистичката свест и патриотизмот на младите

Социјалистичката свест и југословенскиот социјалистички патриотизам не се развива сам по себе и не е даден за сите времиња. За социјалистичката свест и за југословенскиот социјалистички патриотизам на младата генерација мораме организирано плански, упорно и вешто да се бориме во воспитно-образовната работа со младите генерации. Секоја добро искористена шанса, секој добро обмислен и ефикасно реализиран потег на тој план го засилува успехот, а до што доведува небудноста, испуштањето на ситуацијата од рака, потценувањето на потребата за постојана и упорна работа на тој план најдобро покажуваат настаните на Косово, но не само таму, бидејќи тоа е најсвеж но не и единствен пример и резултат на пропустите. Каде и да се појавувале националистичките ексцеси и порано, а ги имало и кај нас во Војводина, и во Србија, Хрватска, Словенија и на други места, секогаш во тие „случаи", ако во нив учествувале младите, бил присутен и нашиот воспитно-образовен пропуст, нашата стихијност во работата, нашиот опортунизам или недоволната ангажираност. На наставниците по историја во тој поглед лежи полн терет и многу голема одговорност. На сите нас би требало и досега, а ќе треба и отсега да ни биде Титовиот збор на ум којшто во мај 1945 година, во последниот ден од работата на когресот на КР на Србија, го упати, меѓу останатото, на комунистите на Србија;

„Ние создаваме една држава — Југославија, во која секој народ има свои права и потполна рамноправност. Во тоа и е суштината: од нив, од повеќе федерални единици да создадеме една силна југословенска национална држава. На тоа се

заснова и она второ прашање, втората задача — единството и братството на народите на Југославија. Токму таквата држава, токму таквата Југославија. треба да ја сочуваме. Секогаш ќе има елементи на раздор. Токму затоа комунистите на Хрватска, на Србија, на Босна и Херцеговина и на останатите покраини мораат да бидат спојница којашто ќе го сочинува тоа единство и братство. Тие мораат да бидат елементите коишто ќе соединуваат сè во една целина. Кај комунистите мора да се развива длабока смисла за интернационализмот. Да се сака својата нација, Хрватска или Србија, не значи да се негира општата наша земја — Југославија. Напротив да се сака својата федерална единица значи да се сака монолитна Југославија. Според тоа, сите комунисти во Србија, а преку вас им говорам на сите комунисти во Југославија, морате да бидете тие кои ќе го спречуваат секој шовинизам... Ние сега создадовме армија и ќе ја снабдуваме со сите технички средства. Но, истовремено, треба да се вооружува нашиот народ со свеста дека е потребно да се биде единствен, да се живее во љубов, дека е потребно Хрватот во Хрватско Загорје да се плаши за тоа што се случува во Истра..".

Ако ја толкуваме историјата во таков дух, ако навиваме за успесите на нашите народи и народности на трнливиот историски од каков што го поминале, на начинот како нè учи Тито, ако ги доживуваме поразите, страдањата и маките на сите наши народи и народности низ наставата по историја во духот како што препорачува Тито, наставата по историја може да стане само голема училница на братството и единството, вистински расадник на социјалистичката свест и на југословенскиот патриотизам. Ако започнеме беа класен пристап на историските теми навивачки да се однесуваме спрема успесите, победите и освојувањата на владејачките класи на сопствената нација, ако дадеме претеран акцент на сопствената историја, а ако ги потиснеме или дури ако ги игнорираме културно-историските тековини на другите народи, ќе се однесуваме спротивно на интенциите на другарот Тито, а историјата ќе ја претвориме во јаболко на раздор, а наставата по историја во семинар за сеење на меѓунационалната омраза и раздор. Таквата настава по историја може да се вроди само со шовинистичка свест, да турка во иредентизам и сепаратизам, токму така како што очигледно се случува понекаде во некои училишта во САП Косово.

Наставникот по историја за да се подготви во доволна мера не само стручно туку и идејно-политички за исклучително одговорните и сложени задачи на воспитувањето на младите, во духот на југословенскиот социјалистички патриотизам, неопходно е лично добро да се запознае со големото дело на другарот Тито и наново и трајно да се инспирира со неговото мисловно творештво. Собраните дела на другарот Тито би тре-

бало да се присутни во секој училишен кабинет за историја, а наставничката библиотека за Тито треба да биде постојано отворена за нови сознанија кои зборуваат за постигањата во науката, но и за реагирањата на нашата јавност, како и во светот, на одделни моменти или на целокупниот опус на овој наш, но и светски великан на историјата.

## Титовиот лик — силен мотив за изучувањето на историјата на НОР

На насловната страница на учебниците по историја за VIII одделение на основното училиште и за II клас на заедничкото средно воспитување и образување во САП Војводина се наоѓаат фотоси со доминантниот лик на другарот Тито. Не е случајно што авторите на овие учебници се определиле токму за такво решение на насловните страници. Треба веднаш да се забележи дека слична постапка е применета и кај други учебници по историја во Југославија, кога се работи за насловните страници или, пак, ако другарот Тито не е тука даден, веднаш по насловната страница доаѓа анекс на кого е портретот на другарот Тито. Тоа е, всушност, сосем разбирливо, бидејќи другарот Тито доминира во историскиот период кој се изучува во осмото одделение на основното училиште, односно во вториот клас на средното училиште.

Учениците по историја на НОВ во Војводина, но и во Југославија, на ударно место уште во самиот наслов го истакнуваат исклучителното значење коешто го има другарот Тито на историјата во XX век. Прашање е како реагираат наставниците на таа дидатичка можност. А врз основа на бројните обиколки на часовите по историја можам овде да констатирам дека во тој поглед наставната практика е многу различна. Не е мал бројот на наставниците кои веднаш во почетокот на циклусот на историјата за работничкото движење, НОВ и револуцијата ги користат многу вешто, плански и документирано можностите на насловната страница за мотивирање и инспирирање на учениците со ликот и делото на другарот Тито. Но, за жал, не е за занемарување ни бројот на оние наставници кои насловната страница со ликот на другарот Тито ја сметаат за декоративен додаток при учебникот или, пак, како ликовен белег на учебникот кој сам по себеси зборува, па не му е потребен ни коментар, ни расправа, ни дијалог. Во својата практика наидував и на одделенија во кои учесниците не ни знаеја кого претставува сликата отпечатена на насловната страница на учебникот што е посебен симптом на никаква работа на почетната мотивација на учениците за изучувањето на историјата на работничкото движење, НОВ и револуцијата на Југославија.

## Тито — на чело на колоната

На насловната страница на учебникот по историја за VIII одделение на основното училиште во САП Војводина се наоѓа сликата на другарот Тито на чело на партизанска колона, а имено другарот Тито беше на чело на колоните на сите покрупни настани в очи на војната, револуцијата и повоената изградба и борба за побезбеден и помирен живот во светот. Голема воспитна грешка прават сите наставници кои својата работа на реализацијата на програмските задачи на наставата по историја во VIII одделение на основното училиште, односно во II клас на општото средно училиште ја започнуваат со директно „преминување" на „наставната единица", на обработката на првата „лекција", пренебрегнувајќи го предизвикот кој го нуди насловната страница и не прават свесен, добро испланиран и организиран напор со помош на историската порака на насловната страница, којашто и сама за себеси е историски извор и сведоштво, да започнат разговор со учениците и во тој разговор со нив да ја „дешифрираат" историската содржина на сликата, т.е. што претставува таа, кој се наоѓа на неа, каде и кога настанала и каква симболика има за работата во целата учебна година на изучувањето на НОВ и револуцијата.

*Формата на групната работа и дијалектолошката метода* е најзгоден начин за да се реализира таа незаобиколна задача.

Уважувајќи ја стварноста, а таа е таква што сепак бара дополнителна содржинска информација, дури и за наставниците, сметаме дека е потребно за сликата која се наоѓа на насловната страница на учебникот по историја за VIII одделение да ги изнесеме овде најосновните податоци, како би можел наставникот тие податоци да им ги соопшти на учениците.

*Тито на чело на колоната* е слика која настанала по десантот на Дрвар кога другарот Тито со членовите на Врховниот штаб, пробивајќи го непријателскиот обрач, кренал спрема импровизираниот аеродром на Купрешкото Поле откаде сојузничките авиони, заедно со останатите членови на Врховниот штаб, го префрлиле на Вис. Пробивањето од Дрвар, Лисино, преку Млиниште, Чардак, Виторог до Купрешкото Поле траело два дена, барајќи вложување на големи напори во услови на оскудица од вода и храна. По некој двопек служел за исхрана, а жедта се гаснела со парчиња заостанат снег. Првиот ден пешачењето траело девет, а вториот ден дури 18 часови. Во два наврата колоната наишла блиску до непријателот, а во пукањето до коешто дошло тогаш имало и ранети.

За пробивањето на таа колона свои сеќавања има запишано и Анѓелко Ганчевиќ, шеф на радиоотсекот на Врховниот штаб и член на првата Тањугова редакција. Со тој релевантен извадок е неопходно да се запознаат учениците во VIII одделение. Најдобро би било тој извадок, додека не го добиеме

во историските читанки кои ќе бидат пристапни на секој ученик, да се умножи на гештетнер или да се ксерокопира така што тој текст да се најде барем на секоја клупа како би можеле по двајца ученици да го читаат и да го анализираат. Текстот гласи:

„Исцрпени од пешачењето, од гладта и жедта се провлекувавме од Поток, преку Преводец под Шатор и Млиниште до брдото Виторог. Тито пешачеше во колоната заедно со нас. Својот коњ го отстапи, не знам точно на кого, дали на некој ранет или за пренос на материјалот и опремата. Тој инаку, колку што се сечавам, секогаш пешачеше во колона, знаеше така самопрегорно да ја дели судбината со сите нас. Тито бараше ние со радиостаницата секогаш да бидеме покрај него. И сега ми доаѓаат во сеќавање честите предупредувања на Врховниот командант. „Чувај ја станицата за жива глава. Таа никогаш не смее да попадне во рацете на непријателот." И кога се провлекувавме по долината покрај Млиниште, митралеските куршуми фучеа над нас и покрај нас. Се пукаше од двете страни на долината. Мораме да внимаваме и на нападите од воздухот. Бомбите плускаа крај нас ... Се провлековме и онака исцрпени слатко починавме кога стигнавме на Виторог. Ги чекавме звуците од сојузничките авиони со кои преку радиоврска преку базата на НОВЈ во Бари се договоривме за точното доаѓање во Бајрамовец на Купрешкото Поле."

Запознавањето на учениците со овој текст е само првата фаза од нужната постапка која задолжително мора да ја следи анализата на текстот којашто на учениците треба да им овозможи тие самите да согледаат дека Тито не оди пешки на чело на колоната затоа што не би можел да го јава коњот, туку од сосем други причини. Треба тие причини да се согледаат и да се оценат од гледиштето на Титовиот хуманизам спрема соборците. Исто така како неизоставна задача се наметнува и потребата низ анализата на текстот, по пат на споредување со условите за командување на нашиот Врховен командант со условите за водење војна на другите врховни команданти на сојузничките земји, да се дојде до заклучоците кои се сврзани за конкретниот факт. А од тој чекор логичен е патот кон следното, со што мора да се дојде до сликата и податоците за ранувањето на Врховниот командант другарот Тито (види стр. 86 од учебникот за VIII одделение и текстот „Тито е ранет" на стр. 87), единствен врховен командант во Втората светска војна којшто се здоби со рана на бојното поле. Оваа слика, инаку, го добила местото на насловната страница на учебникот по историја за II клас на ЗСВО, па и таа мора да послужи како згоден случај за да се разговара за другарот Тито и на тој начин да се мотивираат учениците, но во тој разговор треба да се тргне од она што претходно, уште во VIII одделение, учени-

ците го сознале за таа слика и текстот што ја придружува, па дури потоа да се развива понатамошниот разговор.

*Ученичките кореферати за ликот на другарот Тито* треба да се надоврзат на постапката на анализата на сликата на насловната страница. Материјал за таквата постапка имаме мошне многу. Сите пригодни изданија, фочнувајќи од „Кекец“, „Невен“, „Јо Пајташ“, „Политикин забавник“, „Нин“, „Илустрована политика“, „8 новости“, па до мајскиот дневен печат на сите јазици на народите и на народностите во Војводина во 1980, 1981 и 1982 година по повод смртта на другарот Тито дадоа такво изобилство извонредна граѓа за него и за нашата НОВ и за повоената изградба што би морале во иднина тие материјали да станат некој вид задолжителна историска читанка. На наставниците останува, потпирајќи се на соработката со учениците, да ги соберат тие материјали и трајно да ги сочуваат. Посебните томови на „Политика“, „Нин“ и „Борби* посветени на другарот Тито се добредојдени само што треба во доволен број да се набават и да се сочуваат.

Од исклучителна важност е за ликот на другарот Тито да не дава оценки и карактеристики наставникот, бидејќи и кога би бил најкрасноречив, најполетен, неговите зборови не можат ни случајно да го остават оној впечаток кој можат да го постигнат учениците во своите кореферати, ако само ги соопштат извадоците од бројните осврти на државниците во светот по повод смртта на другарот Тито. Тука мислам пред сè на зборовите на Индира Ганди, на Картер, на Брежнев, на Берлингуер, на Кастро, на Кадар, но и на многу други. Таа низа на имиња ја наведов за илустрација, но не мислам дека на учениците би требало да им се даде налог да се ориентираат токму на тие извори. Поправо на групата референти би требало да им се даде на располагање богат материјал објавуван во текот на мај 1980 година за изјавите на државниците од светот за смртта на другарот Тито, како и материјали за одгласот во светот на веста за смртта на другарот Тито. Добро би било кога самите ученици би се обиделе да ги пронајдат највпечатливите фрагменти од тој богат материјал, бидејќи и самиот избор на фрагментите би зборувал многу а воедно би давал можност за разговор. На наставникот останува со своето излагање евентуално да ја дополни таа слика, ако е тоа потребно.

По таквата работа, која би требало да заврши со извадоците од Назоровата поема „Тито на чело на колоната“ и со избор по неколку строфи од бројните песни посветени на другарот Тито од перото на најеминентните поети на народите и на народностите на Југославија, односно на Војводина, би морало кај учениците да се искристализира силното убедување за исклучителното значење, големината и вредноста на историјата на чиешто изучување пристапуваат, па адекватно и жел-

бата на таа задача попредано, посовесно и попотполно да се посветат отколку што го правеле тоа инаку. Создавајќи претходно таква атмосфера, наставникот ќе постигне многу: ќе го продлабочи интересирањето, ќе предизвика желба за соработка и ќе создаде услови за успешна воспитна и образовна работа. Ќе му остане само задачата почетното расположение да го одржи и понатаму да го развива, имајќи ја предвид основната цел дека задачата на наставата по историја не е само во тоа кај учениците да развива восхитување спрема Тито, НОВ и револуцијата, туку и подготвеноста нејзините придобивки да ги прифатат и понатаму да ги развиваат, а ако затреба со сето расположливо знаење, умеење и со сите расположливи сили тоа и да го бранат.

## Методологијата за користењето на извадоците од собраните дела на другарот Тито

Во историјата на школството на Југославија во периодот меѓу 1944-1982 година судбината на фрагментите од делата на класиците и од современите марксисти во учебниците и во наставата и од современите марксисти во учебниците и во наставата по историја била различна, дури во одделни историски фази на нашиот развој и дијаметрално спротивна. Првата фаза трае од појавата на првите преведени советски учебници по општа историја и на Бабиќевата историја на Југославија (1945 -1946) и трае до почетокот на педесеттите години. Следната фаза ја прави периодот на педесеттите и шеесеттите години, а трета би можеле да ја наречеме фазата на реформските учебници сукцесивно печатени во текот на седумдесеттите години.

*Догматскиот начин* на користењето на фрагментите од делата на класиците на марксизмот и современите марксисти го карактеризира периодот на првата фаза на изработката и користењето на нашите учебници, односно на преведените учебници по општа историја. Карактеристична постапка на писателите на тогашните учебници бил секој згоден извадок од делата на Маркс, Енгелс, Ленин и Сталин да се инкорпорира во текстот на учебникот и така да се создаде впечаток како сите тие да се релевантни проблеми на историјата и на општествениот развој во иднината цврсто согледани, измерени, оценети и трасирани. Основната карактеристика на постапките на авторите на учебниците од тој период била желбата и настојувањето со соодветни цитати и извадоци од делата на класиците на марксизмот, а пред сè од говорите и делата на тогашниот семоќен Сталин, да ги начичкаат оние делови од учебниците по историја во кои се изнесувани општите карактеристики на епохата, на општествениот поредок или, пак, оценките или карактерот на одредено движење или личност.

*За субјектната позиција на учениците* во наставата по историја, заснована на таквите учебници и на нив сообразените методски постапки, не може да стане ниту збор. Самостојното заклучување на учениците врз основа на понудените и изнесените историски факти не било пожелно, па ни можно. Задачата на учениците била да ги научат, да ги запомнат и да ги репродуцираат презентираните готови судови на класиците на марксизмот и на единствениот во учебниците присутен „современ марксист“ Сталин. Титовата мисла, речта, делото во оваа фаза на нашата учебничка литература не биле присутни.

Во втората етапа во изградбата на нашата учебничка литература, по општата критика на сталинизмот и догматизмот која уследи по 1948 година и по судирот на КПЈ со Информбирото, од нашите учебници по историја исчезнаа сите дотогашни присутни фрагменти од делата на класиците и современите марксисти. Тоа беше фазата која се карактеризираше со општа осуда на цитологијата и цитатоманијата како изразит продукт на догматскиот начин на мислење. Во реформираните учебници од периодот на седумдесеттите и осумдесеттите години извадоците од делата на класиците на марксизмот, како и фрагментите од делата на другарот Тито се јавуваат во поскромен обем, но со сосем поинаква методска намена и цел.

*Поуките на минатото*. Појавата на фрагментите од делата на класиците на марксизмот и на современите марксисти и залагањето фрагментите од делата на другарот Тито да се најдат во нашите учебници мора да биде проследено со поуката од првата фаза на формирањето и настанувањето на нашите учебници за кои рековме дека биле оптеретени со цитатологија, односно цитоманија. Историското негативно искуство нè учи, но и нè обврзува дека одамна надминатиот и во духот на Титовите идеи туѓ догматски начин за презентирање и на користење на изворните дела на класиците на марксизмот и на Титовите дела да ги избегнеме и постојано да ја имаме предвид негативната практика и негативните последици од првата фаза на нашите учебници за да не се случи ни случајно, макар и во одделни случаи, да се повампират старите постапки и низ широко отворената врата за марксистичкото толкување на историјата, но творечко и вдахновено, и низ широко отворената врата за фрагментите од делата на другарот Тито да се провлечат и некои постапки, методи и начини карактеристични за догматскиот сталинистички пристап на прашањата за историјата и марксизмот воопшто. Тоа би била една контрадикторност од овој вид и апсолутно изневерување на Титовите идеи и ставови, макар и со користењето на фрагментите од Титовите дела.

## Антидогматската суштина на Титовите дела и потребата за нивниот адекватен третман

Постои суштинска, битна разлика во Титовиот односно Сталиновиот пристап на марксизмот. Дане Шијан во своето дело „Моќта на Титовите зборови“ таа различност на пристапот ја објаснува на следниот начин:

„Наспроти на Сталиновото догматско сфаќање на марксизмот, Тито во своите теоретски работи и во практиката ја инаугурирал содржајната дијалектика, правејќи револуционерен пресврт спрема Марксовата изворна мисла која била деформирана во Сталиновата „филозофска“ интерпретација и практика. Основното во *Титовите поставки е дека марксизмот не може да се зема како догма, бидејќи таквото сфаќање го исклучува креативниот акт на субјектот, а со самото тоа и творечката примена на марксизмот*, туку како „средство коешто овозможува полесно да го одредиме правецот на развојот“ (Josip Broz Tito, Govori i članci, Naprijed, Zagreb 1959, knj. IX, str. 196).

Ако сакаме да ги следиме интенциите на Титовите мисли и дела, тогаш фрагментите од неговите дела нема да ги вклучуваме во наставата по историја како судови дадени еднаш засекогаш, нема од тие фрагменти да создаваме догми, туку тие фрагменти ќе ги користиме како историски извори кои можат да ни објаснат некои појави, да укажат на мотивите на некои акции, да се даде општа атмосфера на историските околности или на идејно-политичката состојба на дадениот историски момент. Титовите мисли, зборовите или оценките, освен тоа, можат многу силно да ги мотивираат учениците за посестрано, подблабоко и поангажирано задлабочување во проблемите на класните борби, на работничкото движење, на НОВ и револуцијата, па и за таа цел можат и треба да се користат фрагментите од Титовите дела.

## Кога да се почне со користењето на фрагментите од Титовите дела

Со елементите од историјата нашите ученици се запознаваат уште во првата фаза на основното образование во т.н. одделенска настава. Учителката во второто, третото и четвртото одделение на основното училиште ги дава првите поуки од клучните настани на нашата историја, а пред сè од историјата на НОВ Учениците за прв пат, во рамките на учењето на предметот запознавање на природата и општеството, односно со запознавање на општеството каде имаат можност да се сретнат со името и делото на челникот на нашата партија и револу-

ција. Со самото тоа е разбирливо дека уште на таа возраст се соочуваат и со некои судови, оценки, со конкретни описи на настаните од историјата на работничкото движење, НОВ и револуцијата коишто ги даде Тито во својот исклучително богат опус. Притоа, нашите учители ќе мораат да имаат предвид еден неумолив факт, а тоа е дека ни на основците на таа возраст за животот на другарот Тито не треба да им се објаснува кој е тој и што ни значи. Речиси секојдневниот контакт на претседателот на Републиката, со помошта на телевизијата, со нашето граѓанство, неговото исклучително присуство во секојдневните настани го правеа познат и добро знаен на нашите малечки. По смртта на другарот Тито на тој план полека настануваат разбирливи промени. Оваа година ќе тргне на училиште третата генерација на првачите која немала и нема да има можност во стварност да го доживува Тито како државник, ниту во кругот на своето семејство да чуе разговори за Титовите иницијативи за разрешување на внатрешните и надоврешните и надворешно-политичките проблеми. Тоа значи дека од една состојба во која Титовото име кај нашите малечки автоматски било јасно одредено и многу високо емотивно вреднувано влегуваме во фаза во која училиштето сè повеќе ќе ја презема на себе задачата да го формира, да го изградува и од генерација во генерација да го надградува и богати историскиот лик на другарот Тито. Бидејќи неговиот лик е неразделив од историјата на нашиот СКЈ, НОВ и револуцијата, а евидентен е фактот дека децата од помалата возраст улогата на личностите од историјата повеќе ја прифаќаат, а низ таквото презентирање на историјата, по пат на приказни за историските личности полесно ги сознаваат и општите историски движења.

Но во користењето на фрагментите од делата на другарот Тито во пониските одделенија на основното училиште треба да се имаат предвид возрасните можности на учениците, да не се претера со нив и да се даваат неколку најзначајни и на учениците достапни Титови мисли, водејќи сметка за тоа дека во тој избор мораат да се најдат Титовите судови за братството и единството, за значењето на нашата НОВ, за улогата на децата во НОВ и во партизаните.

Втора фаза на средба на нашите ученици со Титовото дело имаме во повисоките одделенија на основното училиште. Но би било погрешно кога би се сфатило дека место за Титовите мисли има само во VIII одделение на основното училиште каде што се изучува историјата на работничкото движење, НОВ и повоената изградба на земјата чиишто челник беше другарот Тито. Исклучително значајните, инспиративни Титови оценки за селското востание под водството на Матија Губец или, пак, за Првото српско востание заслужуваат внимание и на нашите наставници и на нашите писатели на учебници. Во тие ставови

на другарот Тито се огледа како неговото големо почитување спрема она што било излезна точка на нашата револуција така и неговото големо уважување на подлабоките корени на нашите револуционерни традиции.

Титовото сеќавање на своето детство, изучувањето на занаетот, па на своите работнички денови се најавтентичните сведоштва за приликите, животот и работата на младите кон крајот на XIX век и почетокот на нашиов век.

Токму поради тоа една студиозна анализа во која мора и треба да бидат присутни сите извори за историјата од перото на другарот Тито ќе може да го покаже сето богатство на таквите прилики.

## Извори и литература за работа на адекватното презентирање на историската улога на другарот Тито

Во правилното третирање на составот на прашањата за другарот Тито и наставата по историја неговите пишани дела се еден секако најзначаен елемент, но има и други. Ние мора да водиме сметка за тоа и да го ставиме тоа на дневен ред на нашите идни средби дека за другарот Тито до крајот на 1981 година во Југославија се објавени околу 800 книги и брошури, не сметајќи го тука непрегледното множество на статии и написи за другарот Тито по весниците и списанијата. Титовиот лик го сретнуваме во повеќе од 150 кратки и документирани филмови, а интерпретацијата на ликот на другарот Тито сме имале можност да ја видиме и во неколку играни филмови. За Тито постојат голем број фотографии, дијафилмови, слајдови и друго. Титовата порака е забележена на многубројни магнетофонски ленти и на грамофонски плочи. Тие факти, од една страна, имаат исклучително среќна околност со осветлувањето на местата и улогата на другарот Тито во нашата и општата историја на XX век, навистина, да може да се пријде на современ методски начин на користењето на разни нагледни средства и извори, а од друга страна, има и вонредно отежнувачки околности, а тоа е како да се дојде во вистинскиот момент, на вистински начин, до потребниот извор или учила и како да се применат. Целиот состав на прашањата е така обемен што самите историчари, ниту симпозиумите на историчарите, не можат да го решат. Би требало да се обезбеди поширок собир на писатели, филмски и телевизиски работници, историчари, службеници од радиото, педагози, психолози, како и претставници на издавачките куќи за учебници и нагледни средства и да се расправи тоа прашање на југословенско ниво и да се формираат работни групи кои би пристапиле кон реализацијата на систематското одбирање и подготвување на тој материјал за

потребите на нашите училишта, почнувајќи од хрестоматијата и згодни, по обем и по цени, читанки со текстовите на другарот Тито, па сè до магнетофонските ленти и тематските филмотеки.

Што се однесува на биографијата на другарот Тито, според моето мислење, денес е најзгодна и најсигурна и без резерви се применува во наставата по историја онаа која под наслов „Автобиографски кажувања" од Јосип Броз Тито е публикувана во 1982 година во два тома.

## *ЗАКЛУЧОК*

Со ова соопштение се означени само бројните проблеми кои се јавуваат при настојувањето Титовото големо историско дело и Титовите многубројни дела, како и големото богатство на разновидниот материјал за другарот Тито успешно да се вградат во воспитно-образовниот систем. Со ова соопштение проблемот не е решен, туку само отворен. Важно е да знаеме дека ни претстојот уште големи напори и потреба од здружена работа за да ја оддолжиме вредно својата неисплатена обврска према великанот на историјата на XX век. А во таа заедничка чесна задача би требало да не поттикнат и заветните зборови на нашиот поет Мирослав Антиќ: „Другар Тито ние ти се колнеме дека Твоето дело ќе го потврдиме со работа. Ќе додаваме минути, часови, денови, ќе го продолжиме своето работно време во занесот, во фантазијата, во создавањето на најдобриот лик на оваа самоуправна социјалистичка земја, единствени и силни во своите обврски и доблести, во својот долг и во достоинството пред лицето на нашите народи, пред лицето на целиот свет.(. . .) Другар Тито ние ти се колнеме дека иднината ќе ја викаме со Твоето име, како што го викавме и ова време на кое заедно му припаѓавме. Ќе бидеш врсник на сите генерации кои доаѓаат. Никогаш нема да умреш, бидејќи Ти си народот. Ти дишеш со секој од нас. Ти ја мислиш мислата на секого и сакаш со сета љубов. Ти сонуваш со сите наши сни и се раѓаш во секое ново дете. Ти си наш. Ние сме Титови. (. . .) Ни се заколна дека ќе бидеме Југославија и ние тоа и сме. Ти се колнеме дека сите сме една земја и дека тоа ќе бидеме засекогаш.

Нека Ти е вечна слава наш добар, голем пријателе."

(Превела од српскохрватски јазик Љубица Станковска)